РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1898/2
27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1898/1 од 06.05.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1898 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1898/1 од 06.05.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од извршна постапка – задржување /// од извршител ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

Со увидот во содржината на пријавата, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај. Наведените дејствија во пријавата не укажуваат на коруптивни дејства на службени лица, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk